**ПРЕДЛОГ НА**

# ЗАКОН ЗА ДОНИРАЊЕ НА ВИШОК НА ХРАНА

## ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите, начинот и постапката на донирање на вишок храна, воспоставување на систем на донирање на вишок храна, спречување на создавање на отпад од храна, регистрирање на операторите со донирана вишок храна-посредници, се определуваат корисниците и крајните корисници на донирана вишок храна, како и органите надлежни за регистрација и надзор над операторите со донирана вишок храна-посредници.

## ЦЕЛИ НА ЗАКОНОТ

### Член 2

Целта на овој закон е:

1) организирање и ефективен проток на безбедна вишок храна преку системот за донирање вишок храна до корисниците утврдени со овој закон (во понатамошниот текст: корисници);
2) придонесување кон остварување на основното човеково право за пристап до храна;
3) овозможување усогласено одвивање на процесот согласно начелото на солидарност, хуманост и начелата за хигиена и безбедност на храната и
4) придонесување кон ограничување на негативните ефекти врз животната средина преку намалување на отпадот од храна.

### Член 3

Овој закон се применува во сите фази на системот на донирање на вишок храна од страна на донаторите на вишок храна и операторите со донирана вишок храна-посредници кои имаат седиште/подружница и живеалиште/престојувалиште на територијата на Република Северна Македонија, до корисниците и крајните корисници.

### Член 4

Овој Закон не се однесува на донирањето на храна:

1) послужена со кетеринг активности;
2) кога донаторот на храна го врши надвор од одредбите на овој закон и
3) од страна на домаќинствата.

### Член 5
### Субсидијарна примена на други закони

Доколку одредени прашања не се уредени во овој Закон, се применуваат одредбите од соодветните материјални и процесни закони.

### Член 6

### Дефиниции

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

**”Вишок храна”** е храна произведена и ставена во промет согласно Законот за безбедност на храната, а која е:

- непродадена или непобарана заради недостаток на побарувачка,

-повлечена од продажба бидејќи не ги задоволува стандардите на продажба на фирмата,

- храна на која и се приближува крајниот рок на траење,

**Commented [S1]:** Трговците, согласно Закон за заштита на потрошувачи имаат со законот предвидено право трговската стока која е пред истек на рокот на употреба да ја продаваат до истек на рокот , а со ознака дека е роба пред истек на рок (по намалена цена)

-преостанати залихи,

-храната која поради технички недостатоци (недостатоци во ознаките, пакувањето, тежината, грешки во производството, оштетувања од метеоролошки услови и други физички недостатоци) не може да се пушти во промет, а која ги исполнува условите согласно прописите од областа на безбедност на храна,

-примарни земјоделски производи од растително потекло,

-неискористена храна подготвена во маркети и угостителски објекти за исхрана,

-финалните пекарски производи и дериватите на тесто од брашно произведени во пекарници кои немаат потреба од термички третман кои не се продадени или управувани во рок од 24 часа по производството, како и

- конфискувана храна безбедна за употреба.

**„Донирање на вишок храна“** е непрофитна дејност, која е поврзана со било која фаза производство, преработката и дистрибуција на донирана вишок храна;

**„Донатор на вишок храна“** е физичко или правно лице кое донира храна без профит, за општествена корист;

**„Краен корисник на донирана храна“** е физичко лице кое има потреба од храна;

**„Корисници“‘ се** даватели на социјални услуги за дневен и привремен престој и за вон семејна заштита , народни кујни, верски заедници и религиозни групи.

**„Оператор со донирана вишок храна - посредник”,(во натамошниот текст: посредник)** е домашно правно лице кое врши прибирање на донации од вишок храна за краен корисник;

**„Прифатен центар за донирана вишок храна“** е објект кој се користи од страна на операторот со донирана вишок храна за складирање на донираната вишок храна до прераспределба на донираната храна до корисниците и

**„Отпад од храна“** е биоразградлив отпад што може да биде разграден со анаеробни (без присуство на кислород) или аеробни (со присуство на кислород) процеси на разградба.

## УСЛОВИ И НАЧИН НА ДОНИРАЊЕ НА ВИШОК ХРАНА

### Член 7

### Користење на донирана вишок храна

(1) Донираната вишок храна согласно овој закон се дистрибуира до корисниците и крајните корисници преку посредници.
(2) Посредникот при доставувањето на вишок храна на корисникот и крајниот корисник задолжително им издава приемница која мора да биде потпишана од двете страни како доказ дека е доставена/примена донацијата.
(3) Посредникот не може да прима добра и услуга од корисници и крајните корисници во замена за дистрибуираната вишок храна.
(4) Посредникот не може да се стекнува со добивка од донираната вишок храна која ја дистрибуира како помош и донација до корисниците и крајните корисници.
(5) Посредникот ја дистрибуира вишокот храна до крајните корисниците без надомест.
(6) Донираната вишок храна не смее да биде предмет на промет и да се користи за други цели надвор од пропишаните од овој закон.

### Член 8

(1) Донаторот на вишок храна и Посредникот склучуваат договор во писмена форма согласно Законот за облигациони односи.

**Commented [S2]:** Трговците може да имаат преостанати залихи од различни причини : спроведување на акција, промоција, необртен производ и сл.Во овие случаи согласно договорите со добавувачите на тие производи предвидено е враќање на преостанатата залиха

(2) Посредникот при распределба на вишок храна на корисниците и крајните корисници истото го потврдуваат со приемница потпишана од корисникот на вишокот на храна.

**Член 9**
**Мерки за намалување на отпад од храна**

(1) Мерки за намалување на отпад од храна подразбира утврдување одговорности и организирање на произведувачите, преработувачите и дистрибутерите на храна, како и на потрошувачите и организациите. Мерките за намалување на отпад од храна се спроведуваат според следниот приоритет:
   1) употреба на вишокот храна наменета за човечка употреба преку донирање;
   2) искористување на храната како храна за исхрана на животните и
   3) користење на храната за произведување компост за земјоделски потреби или за производство на енергија.

(2) Активност против фрлањето храна подразбира и подигање на свеста и информирање на сите чинители, организирање на чинителите на локално ниво и редовна комуникација со потрошувачите, особено во рамки на Националните планови за управување со отпад и законите за управување со отпад.

(3) За фрлањето на храната како отпад се наплаќа тарифа за депонирање на отпадот која е определена од Регулативната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија) со Правилник за утврдување на тарифа на услуга за управување со комунален отпад.

(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина пропишува мерки и давачки за фрлањето на храната како отпад.

**Член 10**
**Поврат на храна**

(1) Поврат на храна од малопродажен објект до дистрибутерот односно производителот не е дозволен.

(2) По исклучок на став (1) од овој член, поврат на храна од малопродажен објект до дистрибутерот односно производителот е дозволен:
   1) за примарни земјоделски производи;
   2) во рок од 5 дена по приемот на храната доколку се утврди дека храната не одговара на нарачката;
   3) во рок на употреба на храната за храна која понатаму е наменета за храна за исхрана на животните согласно Законот за безбедност на храна за животните;
   4) има повреда на право на индустриска сопственост.

(3) Непродадената и недонираната храна по изминување на рокот на траење на храната треба да се уништи или искористи за производство на компост за земјоделски потреби или за производство на енергија.

**Commented [S3]:** Оваа одредба претставува сериозен проблем кај трговците.Во договорите со дистрибутерите односно производителите предвидени се клаузули за поврат на храна.
Во случај на спроведување на продажба на храна по акциска цена, се порачуваат поголеми количини и по завршување на акциската продажба останатат количина се враќа на добавувач/производител.
Ако при прием на храна, се забележи одреден недостаток , Купувачот (малопродажниот објект) има право да ја врати таа трговска стока на дистрибутерот или производителот.
Во случај да се забележи скриен недостаток кај храната која е веќе примена, Купувачот (малопродажниот објект) има право во рок од 7 дена од денот кога го забележал недостатокот да ја врати таа трговска стока на дистрибутерот /производителот,
Доколку испорачаната стока делумно или целосно отстапува од утврдените стандарди на квалитет и квантитет од Спецификацијата за одредениот производ , Купувачот (малопродажниот објект) може да ја врати порачаната количина на дистрибутерот /производителот.
Во одредени случаи се врши и повлекување на храна од страна на самите дистрибутери /производители поради утврдување на некој недостаток по на пример спроведена одредена анализа на производот.

## КОРИСНИЦИ НА ВИШОК НА ХРАНА

**Член 11**

(1) Крајни корисници на вишокот храна се

- корисници на парични права и социјални услуги согласно Законот за социјална заштита
- корисници на право на социјална сигурност на стари лица
- корисници на посебен додаток
- лица погодени од елементарна непогода,
- лица и домаќинства со вкупни приходи во висина до минималната плата
- корисници од сите групи на пензионери со најнизок износ на пензија ,
- бездомни лица и лица вклучени во програми за ресоцијализација.

(2) Вишокот храна може да се донира и преку корисниците кои истата ја даваат или користат за евидентираните крајни корисници.

(3) Посредниците можат да објавуваат информации за дистрибуиција на вишок храна на огласните табли во центрите за социјална работа и во општините или на своите веб страни и социјални медиуми.

(4) Центрот за социјална работа и општините можат непосредно да ги информираат крајните корисници за видот, начинот и времето на доставување на донираната вишок на храна.

**Член 12**
**Користење на донацијата од корисниците и крајните корисници**

(1) Корисниците и крајните корисници на донираната вишок храна не смеат да ја продаваат храната која им е донирана од посредникот.
(2) Посредникот ги информира корисниците и крајните корисници за забраната од став (1) на овој член.
(3) Посредникот ги информира корисниците и крајните корисници и за:
   1) категоријата на храна и роковите на употреба на храната која е предмет на донација, како и
   2) начинот на кој можат да ги користат услугите.

## ПРИМЕНА НА ОПШТИТЕ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА

**Член 13**
**Одговорност за безбедност на донираната храна**

(1) Се донира само безбедна храна, согласно прописите за безбедност на храна.
(2) Донаторите на вишок храна и посредникот кои се учесници во ланецот на донирање на вишок храна, во постапката на донација, селекција и распределба на донираната вишок храна постапуваат согласно одредбите на овој закон и општите барања за хигиена на храна, утврдени во прописите од областа на безбедност на храна;
(3) Посредникот е одговорни за исполнување на условите пропишани со прописите за храна која е под нивна контрола.
(4) Посредникот е одговорен за придржување кон рокот на траење на храната во кој храната може да се достави до корисникот и крајниот корисник.
(5) Донираната храна може да биде доставена до крајниот корисник во форма примена од донаторот.

**Член 14**
**Минимални рокови за донирање храна**

(1) Донаторот на вишок храна може да ја донира храната најдоцна до истекот на 10% од временскиот рок на траење на храната, односно во било кој момент во рокот на траење на храната, доколку се гарантирани интегритетот на примарната амбалажа и услови за складирање и ако примателот се согласи со тоа;
(2) Не смее да се донира храна на која и е поминат рокот на траење втиснат на амбалажата, односно храна која не е безбедна.

**Член 15**
**Услови за посредникот и прифатен центар за донирана вишок храна во поглед на безбедност на храната**

(1) Посредникот и прифатниот центар за донирана вишок храна треба да бидат регистрирани од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство, согласно прописите за безбедност на храна.
(2) Посредниците кои примаат донирана вишок храна треба да ги исполнуваат условите за транспорт, складирање и дистрибуција на донираната вишок храна согласно прописите за безбедност на храна.
(3) Посредниците треба да водат евиденција со која се овозможува следливост на прием и дистрибуција на донираната вишок храна согласно прописите за безбедност на храна.

(4) Посредниците треба да обезбедат примена на правила за добра производствена и добра хигенска пракса согласно прописите за безбедност на храна освен имплементација на ХАСАП системот.

## РЕГИСТРАЦИЈА НА ОПЕРАТОРИТЕ СО ДОНИРАНА ВИШОК ХРАНА – ПОСРЕДНИЦИ

### СИСТЕМ ОПЕРАТОР

### Член 16

(1) Донаторите на вишок на храна и посредниците се евидентираат во електронски систем (платформа за донирана храна).
(2) Донаторите на вишок на храна го пријавуваат вишокот на храна во платформата од став 1 на овој член.
(3) Платформата од став 1 на овој член содржи назив и седиште на донаторот, категорија и количина на храна која се донира и информации за посредникот
(4) Платформата ја води и одржува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од обласа на животната средина како систем оператор.
(5) Министерот на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од обласа на животната средина ги уредува поблиските барања и начинот на евидентирање и водење на платформата.

### Член 17

### Упис во Регистарот на Посредник

(1) Посредникот поднесува барање за запишување во Регистарот на оператори со донирана вишок храна.
(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член, посредникот потребно е да приложи:

1) доказ за упис во Регистар на здружение на граѓани и фондации при Центарлниот регистар на РСМ;
2) доказ за регистриран оператор со храна од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство и

(3) Министерството за животна средина води регистар на оператори со донирана вишок храна.
(4) Во регистарот на оператори со донирана вишок храна се впишува посредникот (здружението), кое покрај условите предвидени со Законот за здруженија и фондации, ги исполнува и следниве услови:

1) има соодветен простор за работа и кадровски услови, согласно со овој закон;
2) има доказ за економско и финансиско работење врз основа на скратен сметководствен исказ од годишна сметка и
3) има доказ за платени даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки од надлежниот даночен орган.

(5) Овластеното службено лице донесува решение за упис во регистарот на оператори со донирана вишок храна, односно решение за одбивање на барањето за упис во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

(6) Против решението за одбивање на барањето за упис од ставот 5 на овој член, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(7) Формата и содржината на регистарот и начинот на водење на евиденцијата ги пропишува МЖСПП.

### Член 18
### Бришење од Регистарот на Посредникот

Посредникот од регистарот на оператори со донирана вишок храна може да биде избришан и да му биде поништено претходно донесеното решение во следните случаеви:

1) по писмено барање од Посредникот
2) при бришење на здужението од Регистар на здруженија на граѓани и фондации при Централниот регистар на Република Северна Македонија,
3) доколку се утврди дека Операторот со донирана храна е регистриран врз основа на неточни податоци и
4) биде избришен од регистарот на оператор со храна што го води Агенцијата за храна и ветеринарство.

**Член 19**

Посредниците, соработуваат со единиците на локалната самоуправа, центрите за социјални работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за земјоделство, шумарство и водостоапнство, здруженија и други органи и институции заради организирање на распределбата на храната до корисниците и крајните корисници.

## ПРИЈАВУВАЊЕ НА ДОНАЦИЈА НА ХРАНА, ТРАНСФЕРОТ И ЕВИДЕНЦИЈАТА НА ДОНИРАНАТА ХРАНА ВО СИСТЕМОТ НА ДОНАЦИЈАТА

**Член 20**
**Евиденција за донираната вишок храна**

(1) Донаторот на вишок на храна и посредникот се должени да води евиденција за донираната вишок храна, и на договорите за донација помеѓу донаторот на вишок храна и посредникот.

(2) Донаторот на вишок на храна и посредникот, при секоја донација, заедно ја проверуваат количината и состојбата во која се наоѓа храната која се донира и заедно потпишуваат испратница за прием, односно фактура за примопредавање.

(3) Донаторот на вишок на храна и посредникот се должни податоците за реализирани количини на донирана вишок храна за претходниот месец/година, да ги достави до систем операторот во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(4) Формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата за донираната вишок храна ги пропишува министерот на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

## ДАНОЧНИТЕ ПОТИКНУВАЊА КОИ ГИ ИМААТ ДОНАТОРИТЕ НА ХРАНА

**Член 21**

Донаторот на вишок храна има право на даночни поттикнувања согласно законот со кој се уредуваат давањето и примањата на донациите и спонзорствата за кои што давателот и примателот можат да бараат даночни потикнувања.

## НАДЗОР

**Член 22**

Инспекциски надзор над одредбите од овој закон врши Агенција за храна и ветеринарство преку инспектори за храна, Државниот инспекторат за земјоделство преку државни фитосанитарни инспектори и Државен инспекторат за животна средина во соработка со овластени инспектори за животна средина на општините, општините на градот Скопје и Државниот комунален инспектор.

## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на донаторот на вишок на храна доколку:

1) нема склучено договор во писмена форма согласно законот за облигациони односи (член 8 став (1));
2) храната која се донира е небезбедна и не ги исполнува прописите за безбедност на храна (член 13 став (1));
3) донира храна на кој и е поминат рокот на траење втиснат на амбалажата, односно храна која не е безбедна (член 14 став (2));
4) не води евиденција за донираната храна, и на договорите за донација помеѓу донаторот и посредникот (член 20 став (1));
5) податоците за реализирани количини на донирана храна за претходниот месец/година, не ги доставува до систем операторот (член 20 став (3)).

**Член 24**

Глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на посредникот доколку:

1) примаат добра и услуги од корисниците и крајните корисници во замена за дистрибуирана вишок храна (член 7 став (3));
2) се стекнуваат со добивка од донираната вишок храна која ја дистрибиураат како помош и донација до корисниците и крајните корисници (член 7 став (4));
3) донираната вишок храна ја дистрибуира до корисниците со надомест (член 7 став (5));
4) донираната вишок храна е предмет на промет и се користи за други цели надвор од пропишаните (член 7 став (6));
5) при распределба на вишок храна на корисниците и крајните корисници не води приемница потпишана од корисникот на вишокот на храна (член 8 став (2));
6) врши донирање на вишокот храна до крајните корисниците надвор од одредбите на член 11 став (1 и 2));
7) не ги информираат корисниците за забраната од (член 12 став (2 и 3));
8) работат без да бидат регистрирани како оператори со донирана вишок храна (член 16 став (1));
9) врши донирање на вишокот храна до крајните корисниците без придржување до роковите ( член 13 став (4));
10) доставува храна до крајниот корисник во форма различна од формата примена од донаторот (член 13 став (5));
11) не води евиденција за донираната храна и на договорите за донација помеѓу донаторот и операторот со донирана вишок храна (член 20 став (1));
12) податоците за реализирани количини на донирана храна за претходниот месец/година, не ги доставува до систем операторот (член 20 став (3));

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 25**

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 26**

Платформата од член 16 ќе се воспостави во рок од 1 година од донесување подзаконскиот акт.

**Член 27**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од ______________________________